РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-365/9
06.02.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК

## од 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 29.01.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен и д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Магдалена Д.Довлева, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:15 часот и се одржа во просториите на АВМУ, конференциска сала, втори кат.

Г-дин Петрушевски најави измена во редоследот на точките во предложениот Дневен ред и тоа: Точката бр.5 - Предлог-одлука за огласување за ништовна Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на радиодифузер, да се стави како Точка бр.3, но со изменет наслов - Предлог-решение за прекин на постапката за промена на сопственичката структура на радиодифузер и Барање до Собрание на РСМ за автентично толкување. Точките после неа редоследно ќе се поместат за еден број погоре.

Директорот Зоран Трајчевски предложи дополнителна измена во дневниот ред, поврзана со точката за ребаланс на Финансискиот план. Предложи, по предлогот што го дискутирале со г-дин Трајчев, 4-та седница да не се одржи, со тоа што Точката „Предлог-одлука за доделување на финансиска помош-донација за Проект за енергетска ефикасност за ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје со Предлог-договор за донација“ да се одложи, додека Точката со наслов „Предлог за давање одобрување за донесување Одлука за уплата на средства за пристап до Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар“, да се премести во Дневниот ред за 3-та седница како претпоследна точка, пред Точката Разно.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот дополнет и коригиран:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од првата Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.01.2025 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.01.2025 година.
3. Предлог-решение за прекин на постапката за промена на сопственичката структура на радиодифузер и Барање до Собрание на РСМ за автентично толкување.
4. Предлог за донесување на одлука за Ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година.
5. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево.
6. Предлог-одлука за огласување за ништовна одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на радиодифузер.
7. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот Мултимедија Нетворк од Гостивар за прекршување на член 141 став 13 од ЗААВМУ.
8. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот Мултимедија Нетворк од Гостивар за прекршување на член 143 став 1 од ЗААВМУ.
9. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот Мултимедија Нетворк од Гостивар за прекршување на член 144 став 3 од ЗААВМУ.
10. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за уплата на средства за пристап до Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар.
11. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 6 гласа „за“ го усвои предложениот Записник од 1-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.01.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа предложениот Записник од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.01.2025 година.

Г-дин Фиданоски предложи корекција во врска со формулацијата во записникот, на страна 4, конкретно во делот што се однесува на неговата дискусија. Имено зборовите „ставање на сила“ да се изменат во „ставање вон сила“ и даде техничка за забелешка за неговото презиме кое треба да биде напишано без буквата „в“.

Советот на Агенцијата со предложените корекции од г-дин Фиданоски, со 6 гласа „за“ го усвои предложениот Записник од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.01.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-решението за прекин на постапката за промена на сопственичката структура на радиодифузерот и Барањето до Собранието на РСМ за автентично толкување. Посочи дека оваа точка била разгледувана на претходни седници со цел да се избегнат потенцијални правни последици од неспроведувањето на Одлуката за промена на сопственичката структура, донесена од Советот пред повеќе од 10 месеци, која радиодифузерот „Телевизија Клан Македонија“ сè уште не ја спровел. Во согласност со Законот за општа управна постапка, предложи прекин на постапката, имајќи предвид дека радиодифузерот не ја доставил коригираната или новонастанатата состојба за промена на сопственичката структура, иако бил задолжен да го стори тоа. Дополнително, поради нејасностите во примената на член 42 од ЗААВМУ, предложи Агенцијата, преку Владата на РСМ како овластен предлагач, да побара автентично толкување од Собранието на РСМ. До добивање на автентичното толкување, предложи постапката да биде привремено прекината.

Г-дин Петрушевски се изјасни дека го прифаќа предлогот на директорот.

Г-дин Трајчев истакна дека станува збор за преседан во кој радиодифузер, по поднесување барање за промена на сопственичката структура, не ја спровел промената во Централниот регистар. Советот на Агенцијата ја донел одлуката врз основа на доставената документација од радиодифузерот пред 10 месеци. Сепак, по изминатиот временски период, не е јасно дали основата врз која е донесена Одлука останала непроменета и дали спроведувањето на одлуката би било во согласност со актуелната фактичка состојба.

Тој нагласи дека е потребно да се преземат соодветни чекори за да се избегне можноста од спроведување на одлука заснована на застарени податоци. Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) не предвидува рок за спроведување на одлука од ваков вид, веројатно затоа што законодавецот не очекувал дека субјект со правен интерес ќе поднесе барање, а потоа нема да го спроведе. Оваа состојба создава правна празнина во постапката.

Во однос на можноста за прогласување на одлуката за ништовна, беше разгледана примената на член 124 од Законот за општа управна постапка (ЗОУП), но истиот не дава основа за таков исход, бидејќи таксативно ги наведува условите во кои може да се примени, како што се незаконитост, ненадлежност на органот и слично. Во конкретниот случај, одлуката е донесена во согласност со законот и врз основа на тогаш точни и целосни податоци, па оттука не може да се примени ниту член 124, ниту член 122 од ЗОУП, кој се однесува на укинување на одлука.

Тој посочи дека решението за оваа состојба треба да се бара во член 42 став 1 од ЗААВМУ, кој предвидува дека Агенцијата може да поништи одлука доколку истата е донесена врз основа на неточни или нецелосни податоци. Сепак, во конкретниот случај, одлуката првично е донесена врз основа на точни и целосни податоци, но се поставува прашањето дали тие остануваат такви по изминатите 10 месеци?

Поради оваа правна дилема, го прифати предлогот да се побара автентично толкување од законодавецот, бидејќи Агенцијата нема надлежност за екстензивно толкување на законот во овој контекст. Доколку законодавецот утврди дека во ваков случај податоците повеќе не можат да се сметаат за точни и целосни, тогаш Советот би имал правна основа за поништување на одлуката согласно член 42 став 1 од ЗААВМУ. Во спротивно, ако законодавецот утврди дека оваа одредба не може да се примени, одлуката би останала на сила, создавајќи правна празнина во системот.

Дополнително, г-дин Трајчев нагласи дека радиодифузерот, на кој се однесува одлуката, не треба да биде оштетен ниту ставен во неповолна правна положба. Доколку има правен интерес, тој во секое време може повторно да поднесе барање за промена на сопственичката структура, кое ќе биде разгледано врз основа на актуелната состојба. Во спротивно, можно е радиодифузерот сам да се откажал од намерата за промена, но Агенцијата нема механизам да го утврди тоа.

Заклучи дека е од клучно значење спроведувањето на секоја одлука да биде засновано на точни и ажурни податоци во моментот на нејзиното реализирање. Барањето автентично толкување е неопходен чекор за надминување на правната празнина, со оглед дека член 42 од ЗААВМУ не предвидува јасен механизам за постапување во вакви околности.

Г-дин Петрушевски рече дека се согласува со г-дин Трајчев во однос на малите корекции на Барањето за автентично толкување и исто така се согласи и за предложеното решение за прекин на постапката.

Г-дин Фидановски истакна дека евидентна е правната празнина во законската регулатива во однос на ова прашање, што доведува до статус-кво состојба, која, како што посочи и г-дин Трајчев, може да се претвори во „лимбо“ ситуација со потенцијални негативни последици. Советот, како тело што одлучува за промена на сопственичката структура, е директно инволвиран во овој процес и постои можност во иднина да се соочи со одредени правни импликации поради неизвршување на одлука. Тој изрази согласност со предложените корекции од колегата Трајчев, но посочи дека останува дилемата дали Советот може да поднесе барање за автентично толкување со цел утврдување на фактичката состојба или за преземање правно дејствие врз основа на законската надлежност. Во овој контекст, клучното прашање е дали Агенцијата има овластување да поништи донесена одлука и дали може да преземе соодветни дејствија согласно своите законски овластувања.

Г-дин Трајчев објасни дека барањето за автентично толкување се формулира како конкретно прашање, на пример: дали одредена законска одредба треба да се толкува на еден или друг начин. Во таков случај, Собранието дава јасно толкување за примената на таа одредба. Во конкретниот случај, предложеното прашање би се однесувало на член 42 став 1 од ЗААВМУ, каде клучните термини се „неточни и нецелосни податоци“. Суштинската дилема е дали, со оглед на протокот на време – во овој случај 10 месеци – податоците врз основа на кои била донесена одлуката, сега може да се сметаат за неточни или нецелосни. Доколку автентичното толкување утврди дека по одреден временски период податоците повеќе не се точни и целосни, Советот би имал основа да донесе одлука за поништување на претходната одлука. Во спротивно, доколку Собранието утврди дека ова правило не се применува, тогаш претходната одлука останува во правна сила. Дополнително, со оглед на тоа што не

може да се предвиди колку време ќе трае постапката за автентично толкување, радиодифузерот, доколку има правен интерес, не мора да го чека исходот. Тој може во секое време да поднесе ново барање со ажурирани податоци, врз основа на кои Советот ќе може да донесе нова одлука. Како аналогија за вакви ситуации, г-дин Трајчев посочи на член 91 став 2 од Законот за трговски друштва, кој предвидува дека ако по истекот на три месеци од денот на исполнување на условите за поднесување пријава, истата не биде поднесена, Централниот регистар на РСМ нема да ја запише и ќе ја отфрли.

Г-дин Фиданоски изрази потреба за разјаснување, наведувајќи дека, доколку правилно разбрал, барањето за автентично толкување во својот диспозитив треба да гласи: *„Дали поднесените податоци од страна на радиодифузерот од пред 10 месеци се сметаат за точни и целосни или не?“*, изоставувајќи ја дополнителната формулација што упатува на можноста за поништување на претходно донесената одлука, со цел барањето да остане фокусирано исклучиво на утврдување на точноста и целосноста на податоците.

Г-дин Трајчев изјави дека ќе се бара толкување на членот во насока на утврдување дали истекот на одреден временски период, кој ќе биде прецизиран согласно моменталната состојба, може да влијае на точноста и основаноста на податоците што послужиле како основа за донесување на одлуката. Во однос на предложеното решение за прекин на постапката, тој истакна дека не навлегол во детална анализа поради недостиг на време за разгледување на материјалите, но изрази уверување дека истото е правилно подготвено од страна на службите.

Г-дин Фиданоски изјави дека ја разбрал поентата на г-дин Трајчев и се согласи барањето за автентично толкување да биде формулирано на предложениот начин. Врз основа на добиеното толкување, ќе се донесе соодветна одлука, а постапката по претходната одлука ќе остане во прекин сѐ додека не се разјасни оваа правна празнина, која во иднина би можела да предизвика проблеми.

Г-дин Ајдини истакна дека својот став по ова прашање го изнел на претходната седница. Додаде дека денешните предлози за корекција на предлогот се прифатливи за него и дека ќе ги поддржи.

Советот на Агенцијата со забелешките од г-дин Трајчев кои ќе бидат вградени во Барањето за автентично толкување на член 42 од ЗААВМУ, едногласно донесе Решение со кое се прекинува постапката по повод Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје УП1 бр.0204-74 од 23.02.2024 г. со дополнување од 29.02.2024 г. и од 15.03.2024 г. и Одлуката на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Уп1 бр.02-74 од 21.03.2024 г. со која се дозволува промена во сопственичката структура на радиодифузерот.

Прекинот на постапката ќе трае додека надлежниот орган – Собранието на Република Северна Македонија не го реши претходното прашање - давање на автентично толкување на членот 42 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - Поништување на одлука со која се дозволува спроведување на промена во сопственичка структура.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за донесување на одлука за Ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година. Тој објасни дека предложените измени во Финансискиот план се однесуваат на две ставки: Обезбедување средства за исплата на надоместок на членовите на Советот и распределба на средства врз основа на барање за донација. Во разговор со г-дин Трајчев била разгледана можноста донацијата да се насочи директно кон јавна здравствена установа, наместо кон здруженија на граѓани, како потенцијално подобро решение. Тој истакна дека во оваа фаза се предлага одобрување на ребалансот на Финансискиот план, но без донесување конкретна одлука за донација. Дополнително, информираше дека ќе биде организиран состанок со директорот на јавната здравствена установа и претставници на здруженијата на граѓани, со цел да се утврди можноста донацијата да биде насочена кон јавната здравствена установа, со што би се избегнале потенцијални несакани последици за Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година, бр.05-5307/1 од 26.12.2024 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 199.729.722,00 денари.

Со предложениот ребалансот се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 4.150.000,00 денари, наменети за:

- исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за месеците: јануари, февруари и март 2025 година во износ од 3.150.000,00 денари и
- доделување на финансиска помош – Донација по повод поднесено Барање бр.05-205/1 од 14.01.2025 година од Здружение за поддршка на палијативни пациенти и нивните семејства Палиум Скопје во износ од 1.000.000,00 денари, за Проект на енергетска ефикасност за ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје.

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, ја образложи Предлог-одлуката за продолжување на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево. Таа објасни дека, согласно член 79, став 3 од ЗААВМУ, радиодифузерот може да поднесе барање за продолжување на важноста на дозволата во рок не подолг од шест месеци пред нејзиниот истек. Во овој случај, Телевизија Ускана од Кичево поднесе барање за продолжување на дозволата, која важи во периодот од 24.06.2016 до 23.06.2025 година.

По извршен увид во барањето, се утврди дека истото првично не беше комплетно, поради што беше побарано негово доуредување. По повторен увид, беше констатирано дека барањето е уредно и дека може да се постапува по него. Дополнително, беше направен увид во работењето на радиодифузерот за времетраењето на дозволата, при што се утврди дека ги исполнува сите услови предвидени во член 79 од Законот и дека не постојат сериозни прекршувања согласно став 4 од истиот член. Врз основа на тоа, се предлага издавање на нова дозвола со важност од девет години.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на важноста на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево, УП1 бр.08-353 од 30.06.2016 година, за време од 9 (девет) години, за период од 24.06.2025 година до 23.06.2034 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на РСМ“ и на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точки 6, 7 и 8**

Г-дин Петрушевски предложи Точките 6, 7 и 8 да се образложат во еден вовед бидејќи станува збор за ист медиум, а гласањето за секој прекршок да биде поединечно.

Советот немаше против.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, Магдалена Д. Довлева, ги образложи предлозите за јавна опомена во врска со прекршувањата на член 141 став 13, член 143 став 1 и член 144 став 3 од ЗААВМУ. Таа истакна дека надзорот беше спроведен минатата недела и беше сеопфатен по повеќе основи, при што беше констатирано дека овој оператор направил три прекршувања на правилата за работење. Првото прекршување се однесува на реемитување 9 програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата. Второто прекршување беше утврдено кога операторот емитуваше домашна телевизија надвор од подрачјето за кое има издадена дозвола. Третото прекршување се однесува на несогласност помеѓу излезниот сигнал што операторот го доставува до Агенцијата и сигналот што им го доставува на своите корисници. Во согласност со Законот, како почетна мерка за овие прекршувања се предлага јавна опомена.

*<u>Гласање по Точка 6</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-335/1 од 23.01.2025 година и едногласно заклучи на Друштвото за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 став 13 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Друштвото за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар, кое според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на општина Гостивар, Врапчиште, Боговиње и Кичево, на

ден 21.01.2025 година, за своите корисници ги реемитувало програмските сервиси „HBO", „HBO 2", „ATV", „Hayat Folk Box", „Hayat 2", „Hayat Music Box", „Star", „Kanal D" и „Haberturk", кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 7*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор, бр.11-330/1 од 23.01.2025 година и едногласно заклучи на Друштвото за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 143 став 1 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзор беше констатирано дека операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на општина Гостивар, Врапчиште, Боговиње и Кичево, на територијата на општина Кичево го реемитува програмски сервис ТВ Коха кој од Агенцијата има добиено дозвола за емитување на регионално ниво за регион Д8 - Попова Шапка (Тетово, Гостивар, Врапчишта, Боговиње, Брвеница, Теарце, Јегуновце, Желино), што е спротивно на член 143 став 1 од Законот.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 8*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор, бр.11-328/1 од 23.01.2025 година и едногласно заклучи на Друштвото за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 144 став 3 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството

за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзор беше констатирано дека операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на општина Гостивар, Врапчиште, Боговиње и Кичево, до Агенцијата не доставува сигнал со иста содржина со онаа што им е достапна на неговите претплатници, што е спротивно на член 144 став 3.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 9**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, Магдалена Д. Довлева, го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување одлука за уплата на средства за пристап до Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар. Таа објасни дека оваа услуга е неопходна за исполнување на надлежностите кои произлегуваат од ЗААВМУ, и дека секторот ја користи од 2017 година. Услугата функционира на принципот на припејд плаќање, при што се уплаќаат средства и, во зависност од користењето на услугите, износот се намалува. Претходниот пат уплатата беше извршена на 30 октомври 2023 година во износ од 40.000,00 денари.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе одлука за уплата на средства до податоците на Интернет дистрибутивниот центар на Централниот регистар на РСМ, во износ од 40.000,00 денари, со што ќе се создадат услови за тековно исполнување на обврските кои за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се предвидени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во Законот за медиуми.

Горенаведениот износ на средства е предвиден во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година.

**Точка 10**

**Разно**

Г-дин Петрушевски информираше дека денес Комисијата за прашања на изборите и именувањата предложила нов состав на членови на Советот на Агенцијата. Објасни дека предлогот ќе биде ставен на пленарна седница, и доколку се изгласа со минимум 80 гласа и бадентерово мнозинство, ќе биде реализиран. Во таа насока, тој истакна дека оваа седница може да биде последна со сегашниот состав и се

заблагодари за заедничката соработка помеѓу членовите на Советот. Спомена дека иако често немале исто мислење и понекогаш имале различни дилеми и конструктивни дебати, секогаш останале пријатели. Се заблагодари и за долгогодишната соработка со директорот, кој го вложил своето максимално ангажирање за успешното функционирање на Агенцијата, како и со Стручната служба, која континуирано го покажувала својот висок професионализам.

Г-дин Фиданоски се заблагодари на сите членови на Советот, како и на директорот Зоран Трајчевски. Објасни дека имаат одлична долгогодишна соработка, која трае повеќе од десет години. Иако понекогаш се случувале различни мислења и поинтензивни дискусии, тие секогаш се воделе од професионализам и никогаш не ја преминале "црвената линија". Смета дека соработката го зачувала меѓусебниот респект и дигнитет. Г-дин Фиданоски додаде дека истиот респект го има и кон Стручната служба, со која имал прекрасна соработка, верувајќи дека и тие го споделуваат истото мислење.

Г-дин Ајдини рече дека како што секоја работа има крај така и составот на овој Совет. Се заблагодари за коректната соработка со сите членови од Советот и вработените.

Г-дин Трајчев упати честитки за предложениот избор на новите членови на Советот, со надеж дека ќе ја продолжат успешната работа во Агенцијата, како што го правел и овој состав. Се заблагодари на сите членови на Советот, на директорот и на вработените во Агенцијата. Наведе дека за време на долгиот период на соработка, биле донесени многу одлуки и правилници, воспоставен е систем на работа и создадена можност за структура на Агенцијата како професионално тело, институција која служи како пример за тоа како се работи – професионално, без надворешно влијание, било од членовите на Советот или од директорот. Според него, со оваа поставеност, во иднина никој не може да влијае на институцијата во вршењето на нејзините задачи во согласност со Законот. Ова, како што истакна, го потврдуваат и позитивните меѓународни извештаи за напредокот на Агенцијата во областа на нејзиното работење.

За соработката со членовите на Советот, рече дека имале плодни дебати по многу прашања и дека е добро што имале различни ставови во бројни ситуации, при што секој изнесувал свое мислење и ги ценел аргументите на другите. Чест му е што помеѓу нив немало лична борба, туку само размена на аргументи, кои биле издржани и прифатени од другите членови. Ова, според него, сведочи за високо ниво на професионализам, кој заеднички го достигнале.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**